# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“бр.55/07, 26/09 и 22/10) по член 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Член 5-а

Во постапката при вршење инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.“

Член 2

Во членот 30 во став 1 зборот “овластено” се заменува со зборот: “признато.”

Член 3

Во членот 45 во ставите 1 ,2, 3 и 4 зборот “ овластено” се брише.

Член 4

Во членот 53 во став 1 зборот ,, правно,, се брише.

Член 5

Во членот 291 во ставот 3 на крајот точката се брише и се додаваат зборовите “со статус на инспектор утврден во актот за систематизација на Министерството за транспорт и врски.”

Член 6

По член 291 се додава нов член 291-а кој гласи:

„Член 291-а

За работата на инспекторите за внатрешна пловидба капетанот на Капетанијата на пристаништата донесува годишна програма и изготвува месечни планови за работа на инспекторите.

Капетанот на Капетанијата на пристаништата, за работата на инспекторите за внатрешна пловидба, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија.“

Член 7

Членот 299-а се менува и гласи:

“ Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

По жалбата против решението на инспекторот од став 1 на овој член одлучува посебна комисија при Министерството за транспорт и врски составена од три члена именувани од министерот. Претседателот на Комисијата е лице од редот на раководни државни службеници од Капетанијата на пристаништата кое не учествувало во постапката за вршење на инспекциски надзор. Членовите на Комисијата се со високо образование од правна или техничка струка со најмалку три години работно искуство.

Комисијата од став 2 на овој член одлуката по жалбата треба ја донесе во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Жалбата од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.”

Член 8

По член 299-б се додаваат два нови члена 299-в и 299-г кои гласат:

,,Член 299-в

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба утврди дека е сторена неправилност од членовите 17 став 2, 19 став 2 , 20 став 2 , 21 став 2, 67-ѓ став 1 и 3 и 69 став 3 од овој закон , должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на истата во определен рок кој неможе да биде подолг од 30 дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на постапка за едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведувањето на постапката на едукацијата ја пропишува министерот за транспорт и врски.

Едукацијата ја организира и спроведува инспекторот за безбедност за внатрешната пловидба, во рок не подолк од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ,ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши , ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност,

Доколку инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека се отстранети констатираните неправилности од став 1 на овој член ќе донесе заклучок за запирање на постапката за инспекциски надзор.

Доколку инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба при вршењето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за транспорт и врски.

Член 299-г

Капетанијата на пристаништата за извршените инспекциски контроли од инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба изготвува квартални извештаи кои ги доставува до Министерството транспорт и врски за нивно објавување на веб страната на министерството ".

Член 9

Во член 301став 1 алинеја 14 и во член 303 став 1 алинеја 14 зборовите „овластено правно лице" се заменуваат со зборовите „признато здружение за класификација".

Член 10

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Одредбите од член 5-а, член 291, 291-а и 299-а од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 30

Бродот е способен за пловидба во определени граници на пловидба и за определена намена , ако:

1) ги исполнува условите пропишани со Техничките правила за бродови во внатрешната пловидба на овластено здружение за класификација;
2) има пропишан број стручно оспособени членови на екипажот;
3) сместувањето и бројот на патниците на бродот се во согласност со пропишаните услови за превоз на патници од член 43 на овој закон и
4) товарот на бродот е натоварен во согласност со добиената товарна линија , односно со слободната страна и со правилен начин на распоред на товарот , согласно со член 44 од овој закон.

Член 45

Овластено признато здружение за класификација од член 31 став 1 на овој закон, со преглед утврди неспособност за пловидба на бродот во претходно утврдените граници, неговата способност за пловидба може да ја ограничи во потесни граници.

По исклучок од став 1 на овој член, овластено признато здружение за класификација може да дозволи едно или повече патувања што ја надминуваат претходно дозволената граница на пловидбата , доколку со основен преглед утврди способност за пловидба надвор од дозволените граници.

Пловидбата од ставовите 1 и 2 на овој член, овластеното признато здружение за класификација може да ја услови со помал број на патници или количина на товар од дозволениот, или со други услови со кои се остварува безбедна пловидба.

Овластеното признато здружение за класификација за брод кој не е патнички, може да утврди способност за превоз на патници за едно или повеќе патувања или за определено време, доколку со одредбите на овој закон со преглед ја утврди неговата способност за превоз на патници.

Член 53

Бродските исправи и книги пропишани со овој закон мораат да се наоѓаат на бродот и секогаш да бидат достапни на овластеното правно лице за проверка.

По исклучок од став 1 на овој член, бродските исправи и книги, за брод без екипаж се наоќаат кај сопственикот на бродот.

Член 291

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за транспорт и врски.

Инспекциски надзор вршат инспектори за безбедност во внатрешната пловидба.

За инспектор за безбедност во внатрешната пловидба може да се назначи лице со високо образование (дипломиран машински инженер, поморски инженер насока наутика, дипломиран сообраќаен инженер, хидроградежен инженер, електро инженер телекомуникациска насока) со најмалку три години работно искуство.

Инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба има легитимација.

Формата и содржината на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Работите на инспекциски надзор за безбедност во внатрешната пловидба можат да ги вршат и лица со високо образование кои ги исполнуваат условите од став 3 на овој член врз основа на посебно овластување од министерот за транспорт и врски.

Член 299-а

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.